Управниот одбор на Државниот испитен центар на 107-та седница одржана на 31.10.2018 година, согласно заклучокот на Владата на Република Македонија бр.42-17/129 од 22.12.2015 година, донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
Бр. 02-620/1
31.10. 2018 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

## *за утврдување на висината на надоместокот на претседателот и членовите на Управниот одбор на Државниот испитен центар*

Со оваа одлука се утврдува висината на месечниот надоместок (паушал) кој ќе го примаат претседателот и членовите на Управниот одбор на Државниот испитен центар.

Висината на месечниот надоместок изнесува 12.000,00 денари за ***претседателот*** на Управниот одбор и 10.000,00 денари за ***членовите*** на Управниот одбор, од жиро сметката на Државниот испитен центар.

Износот на надоместокот ќе се намали пропорционално доколку претседателот и/или членовите на Управниот одбор на Државниот испитен центар, отсуствуваат од седницата/ите на Управниот одбор повеќе од два пати, во текот на календарската година.

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Со влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на претседателот и членовите на Управниот одбор на Државниот испитен центар бр.02-410/1 од 30.08.2017 година.

*Образложение*

Согласно извадокот од Нацрт-записникот од Сто дваесет и деветтата седница на Влата на РМ., одржана на 22.12.2015 година, бр.42-17/129, Владата донесе заклучок со кој престануваат да важат мерките за штедење на надоместоците за управните одбори.

Со тоа сите институции од јавниот сектор утврдувањето на надоместокот (паушалот) за членовите и претседателот, да го направат во апсолутен износ и тоа 12.000,00 денари за претседателот и 10.000,00 денари за членовите, односно доколку институцијата нема доволно финансиски средства, висината на надоместокот за претседателот и членовите, може да ја прилагодат согласно финансиските можности, но истата може да биде најмногу до 12.000,00 денари за претседател и 10.000,00 денари за членовите .

На седницата на Управниот одбор одржана на 31.10.2018 година, претседателот и членовите утврдија дека висината на месечниот надоместок за претседателот ќе изнесува 12.000,00 денари, а на членовите на Управниот одбор 10.000,00 денари месечно.

Надоместокот ќе се намали процентуално, доколку претседателот и/или членовите не присуствуваат на некоја од седниците повеќе од два пати, во текот на календарската година.

Со оглед на горенаведеното, членовите на Управниот одбор еногласно ја донесоа Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на претседателот и членовите на Управниот одбор на Државниот испитен центар.

Претседател на Управниот одбор на ДИЦ

Хикмете Селмани

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS

ДО КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ

<u>С К О П Ј Е</u>

Влада на Република
Македонија
Генерален
секретаријат

Бр. 42-17/129
22.12.2015 год.

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Сто дваесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 22.12.2015 година**

„ТОЧКА 91: Кадровски прашања

Владата заклучи од 1.1.2016 година да престанат да важат мерките за штедење за надоместоците за управни и надзорни одбори, одбори за контрола на материјално - финансиското работење и совети.

По овој повод, Владата заклучи сите институции од јавниот сектор во кои се именуваат управни и надзорни одбори, одбори за контрола на материјално - финансиското работење и совети, утврдувањето на надоместокот (паушалот) за членовите на управни и надзорни одбори, одбори за контрола на материјално - финансиското работење и совети да бидат во апсолутен износ и тоа: 12.000 денари за претседател, 11.000 денари за потпретседател или заменик претседател и 10.000 денари за членови.

Доколку институциите од јавниот сектор во кои се именуваат управни и надзорни одбори, одбори за контрола на материјално - финансиското работење и совети, немаат доволно финансиски средства, висината на надоместокот за претседателот, заменикот на претседателот и членовите на управни и надзорни одбори, одбори за контрола на материјално - финансиското работење и совети, може да ја прилагодат согласно финансиските можности на институцијата, но висината на надоместокот може да биде најмногу до 12.000 денари за претседател, 11.000 денари за потпретседател или заменик претседател и 10.000 денари за членови."

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
Кирил Божиновски

ДОСТАВЕНО И ДО:
-Министерство за финансии

Подготвил: м-р Билјана Цоневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска